ROMA CAMPAIGN

dosta

# *Дали ова е стереотип?*

# *Алатка за борба против стереотипите кон Ромите*

………

Содржина

1. Стереотипи и предрасуди....................3
2. Анти-циганизам, анти-џипсизам и ромофобија ....................3

   а. Анти-семитизам и анти-џипсизам ....................4
   б. Аспекти на анти-џипсизам ....................4

3. Надминување на анти-џипсизам ....................5
   а. Улогата на медиумите ....................5

4. Дали е ова стереотип? ....................6
   а. Стереотип бр.1: вЏипсиг се всамо Џипсиг!....................6
   б. Стереотип бр.2: Номадство ....................7
   ц. Стереотип бр.3: Музика и танцување ....................7
   д. Стереотип бр.4: Гатање ....................8
   е. Стереотип бр.5: Традиционални занаети .................... ....................8
   ф. Стереотип бр.6: Обичаи ....................8
   г. Стереотип бр.7: Облека ....................9
   х. Стереотип бр.8: Чистота ....................9
   и. Стереотип бр.9: Религија ....................10
   ј. Стереотип бр.10: Жени ....................10
   к. Стереотип бр.11: Деца ....................11
   л. Стереотип бр.12: Финансиска состојба ....................11
   м. Стереотип бр.13: Образование ....................12
   н. Стереотип бр.14: Вработување ....................13
   о. Стереотип бр.15: Домување ....................13
   п. Стереотип бр.16: Ромите и општеството ....................14

5. Заклучоци ....................16

Додаток
"Претставување на Ромите во медиумите" од Карин Варинго (Карин Њаринго), генерален директор на Еуропеан Рома анд Травелларс Форум (Цхиеф Еџецутиве Оффицер оф тхе Еуропеан Рома анд Травеллерс Форум), овластен за кампањата Доста!

**Стереотипи и предрасуди**

Стереотипите и предрасудите се основа за категоризирање на светот околу нас.

Според дефиницијата во речникот на Кембриџ (Cambridge Dictionary), стереотипи се „утврдена претстава која луѓето ја имаат за тоа каков е некој или нешто, а особено претстава која е погрешна„. Според истиот речник предрасуди се „неразумен и неоправдан став или чувство особено кога тоа е формирано без доволно размислување или знаење„. Со други зборови кажано стереотипите се однапред создадени мислења и клишеа, а предрасудите се бесмислени чувства на страв и одбивност. Тие можат да се разберат како филтери кои на некој начин нѐ заштитуваат од вишокот информации и ни овозможуваат да им судиме на луѓето без лично да ги познаваме или само површно, тие го ограничуваат нашиот поглед кон реалноста.

Во оваа смисла некој би можел да тврди дека стереотипите се позитивни, бидејќи ни овозможуваат брзо да донесеме одлуки. Но, многу често стереотипите се користат со цел да се оправдаат и поддржат верувањата и вредностите на популацијата која е мнозинство. „Заедничко„ се опфаќа во „нормално„ а работите кои ги прават различни социјални групи или малцинстава се обезвреднуваат кога тие не се во согласност со овие ,,норми„. Еден од најзачудувачките елементи на стереотипите и предрасудите е што тие најчесто **се создаваат од силните, а се применуваат на слабите** кои не можат да го контролираат начинот на кој другите гледаат на нив и кон нив, ниту пак се во можност да ги променат тие сфаќања. Општа изрека е дека стереотипите се обично вистинити. Кога некој стреотип е точен тогаш истиот тој стереотип ги оправдува и засилува стереотипите.

Политичарите и медиумите многу често ги користат стереотипите. Играта со негативни чувства или стравови е добар начин да се победи на избори или да се продаде весник. Стереотипите обично се користат од луѓето за да се дефинира и оправда статусот кво. Оние кои страдаат од стереотипите не се оние чии стравови се искажуваат, туку тоа се оние кои се претставени во лошо светло т.е. оние кои се стереотипизирани.

**Анти-циганизиам, анти-џипсизам и ромофобија**

Во основа анти-циганизиам, анти-џипсизам и ромофобија значат исто:

*... различен вид на расистичка идеологија. Во исто време, слично е, различно и испреплетно со многу други видови на расизам. Самиот анти-џипсизам е сложена социјална појава која се манифестира преку насилство, говор на омраза, искористување и дискриминација во најочигледна форма.*

*... Анти-џипсизам е многу специфична форма на расизам, иделогија за расна надмоќност, форма на дехуманизација и на институционален расизам. Тоа се разгорува од историската дискриминација и борбата да се задржи моќта кој овозможува предности за групите кои се мнозинство. Од една страна се засновува на замислени стравови, негативни стереотипи и митови, а од друга страна на негирање или бришење од јавната свест на долгата историја на дискриминација кон Ромите.*[1]

[1] Извор: Валериу Николае (Valeriu Nicolae); Целосна верзија на оваа дефиниција на Валериу Николае (Valeriu Nicolae) ќе ја најдете на веб страницата: http://www.ergonetwork.org/antigypsyism.htm

Овие три термини не се разликуваат по содржина туку по употреба. Анти-џипсизам е термин кој најчесто се користи на меѓународно ниво, додека некои Роми пред се оние од Источна Европа го претпочитаат терминот анти-циганизам, бидејќи циганин е терминот кој се употребува во нивниот регион. Двата термин, и Џипси и Циганин имаат пејоратива природа и поради тоа некои го претпочитаат терминот ромофобија.

### Анти-семинизам и анти-џипсизам

Во цела Европа, Евреите и Ромите се двете малцинста кои од историски аспект најмногу страдале од дискриминација врз основа на нивната впотчинетостг и составното негативно стереотипизирање додадено на овој наводен статус на потчинетост.

Двете малцинства потекнуваат од надвор од Европа, Евреите од област која денес е Израел и Палестина и од јужните брегови на Црното Море, а Ромите од Индија. Двете малцинства мигрирале поради прогонство, долги години страдале во рацете на групите кои се мнозинство во Европа и биле сметани за потчинети, а многумина од двете малцинства биле уништени во текот на Втората светска војна од страна на нацистите. Двете малцинства страдале под комунистичките режими во Европа, но Ромите се уште чувствуваат дискриминација, омраза и предрасуди, додека денес за среќа анти-семинизмот е осуден на сите нивоа (општество, политичари). Анти-џипсизам дури и не е признаен како феномен кој постои па според тоа и не е осуден.

### Аспекти на анти-џипсизам

Дехуманзиција и сведување на Ромите на нивото „Џипси„ се основните елементи на анти-џипсизмот. На Ромите се гледа како на луѓе од понизок ред, а според тоа немаат морално право на човекови права. Оваа дехуманзација не се засновува на погрешни претстави или на незнаење, туку **изгледа дека е законски мит кој ја оправдува злоупотребата на Ромите од страна на мнозинството кои на нив не гледаат како на личности туку како на „Џипси„.** Многу често наместо да се зборува за проблемите со кои се соочуваат Ромите се зборува за „проблемот на Џипсите„ поради нивното „Џипси„. „Џипси„ се дефинира единствено негативно.

Стреотипите и предрасудите за Ромите често не се во согласност со рационалното размислување. Тие многу често зборуваат повеќе за културата на лицето кое зборува за Ромите отколку за „Џипси„. Кога се прави листа на идеи кои луѓето ги имаат за Ромите многу работи изгледаат апсурдни, но како и да е луѓето се придржуваат кон нив како кон апсолутни вистини. Во историјата има многу примери за апсурдни претпоставки во основите на општествените погледи кон светот (на пр.

---

*Documentation Centre of German Sinti and Roma и Land Associations of Sinti and Roma покренеаа иницијативи во различни Länder и развија материјали за училишта и образаовни институции. Овие материјали се занимаваат со дискутирање и анализирање на расизмот и со постоечките клишеа и предрасуди во врска со Синти и Роми. Тие исто така служат за анализирање и проценување на историјата на геноцид кон Синти и Роми изработена од страна на National Socialism. Baden-Wurttemberg Land Association of German Sinti and Roma на своја иницијатива и во соработка со експерти и други институции реализираше проекти за анализирање и оценување на "анти-циганизам" (анти-Џипси непријателство).*
*The European Roma and Travellers Forum (ERTF: www.ertf.org) работи на своја дефиниција за овој феномен.*

земјата е рамна). Но многу луѓе, а пред се оние со напредно размислување често тешко прифаќаат дека ова може да се случува и денес.

Стереотипите и предрасудите кон Ромите, а оттука и анти-џипсизамот се длабоко вкоренети во европската култура, а на нив не се гледа како такви. Оние кои страдаат од нив треба да се ангажираат во тешката задача на убедување на другите дека тие се дискриминирани без причина. **Еден очигледен знак за анти-џипсизам е фактот што многумина кои никогаш немале блиски и лични контакти со Ромите сепак можат да Ви дадат детална слика за нив, како тие изгледаат, живеат и се однесуваат. Однесувањето на една индивидуа многу често автоматски се препишува на сите вЏипсиг. Однесувањето (негативно) се припишува на ромската култура, а не на конкретната индивидуа.**



### Надминување на анти-џипсизам

Анти-џипсизмот може да се надмине единствено ако луѓето признаат дека постои. Ништо не може да се смени се додека луѓето не се свесни дека тоа е реалност. Проблемот не е во Ромите туку во анти-џипсизмот!

### Улогата на медиумите

Понекогаш несвесно, а многу често свесно медиумите ширaт анти-ромски чувства. Кога се известува за сторено злосторство, а при тоа се наведува етничката припадност на лицето припадноста нема никаков позитивен ефект. На истиот начин, покровителска постапка е штетна. Дополнитено медиумите обично не посветуваат внимание на приказните во кои Ромите се жртви како што се случаевите на расистички напади или говор на омраза од политичарите упатени кон Ромите. Се ова се акти кои медиумите можат да помогнат да бидат осудени.

Доколку се обврзат на промена, медиумите можат да бидат важно средство за подигање на свеста и промовирање на различност и мултикултура. Наместо насочување кон негативни наслови за Ромите, главниот фокус би требало да биде насочен кон пронаоѓање на позитивни приказни и давање на глас на Ромите. **Има адвокати, наставници, политичари и доктори од ромска припадност,** па зошто да не се известува за нив? Прашајте ги оние чиишто приказни обично остануваат неслушнати!.[2]

[2] На оваа тема прочитајте ја статијата која е придодадена како додаток: "Претставување на Ромите во медиумите" од Карин Варинго (Karin Waringo), генерален директор на European Roma and Travellers Forum (Chief Executive Officer of the European Roma and Travellers Forum), овластен за кампањата Dosta!

**Дали е ова стереотип?**



*„Ромите ја сакаат слободата, тие се релаксирани и безгрижни номади кои носат облека во живописни бои и многу златен накит. Тие се страствени танчери, способни занаетчии и одлични музичари. Нивните жени се прекрасни и заводливи како Кармен на Жорж Бизет (Georges Bizet's Carmen) или Есмералда од „Грбавкото од Нотр Дам„ (Esmeralda from the 'Hunchback of Notre Dame'). Тие гатаат и можат да те проколнат ако не им дадеш пари. Тие се сиромашни и просат. Тие не прават ништо за да ја подобрат својата состојба и крадат гуски и кокошки. Тие претпочитаат да живеат од социјална помош отколку да работат. Тие имаат повеќе деца отколку што можат да прехранат и облечат.*

*Тие најверојатно еден дена ќе ја надминат популацијата која е мнозинство. Девојчињата се мажат на многу рана возраст, мажите ги тепаат своите жени и ги експлоатираат своите деца. Навечер танцуваат околу логорскиот оган, а понекогаш крадат бебиња за да ги продадат. Тие немаат религија, нечисти се и товар се за општеството. Тие не сакаат да се интегрираат и маргинализираат. Тие се најсреќни кога се далеку од не-Ромите. Тие не сакаат да бидат граѓани на земјата во која што живеат, а кога мигрираат тие ја уништуваат репутацијата на земјата од која што доаѓаат. Тие сакаат да живеат во близина на ѓубриште, а нивните домови се нечисти. Тие се плашат од вода, алергични се на сапун и не знаат како да користат тоалет. Тие се извор на зараза. Тие не знаат да читат и пишуват, а исто така не се заинтересирани да научат или да одат на училиште. Тие мора да се ментално заостанати. Можеби тие и не се човечки суштества. Тие живеат во големи семејства и не им пречи да делат една соба со десет луѓе. Тие се алчни и никогаш не се задоволни. Тие се мрзеливи и не вреди да им се верува. Тие се генетски преодредени да станати крадци или дилери на дрога. Како и да е, терминот вРомиг е измислен и тие всушност се викаат Џипси или Цигани.„*

Има толку многу стереотипи за Ромите. Ти и самиот сигурно си слушнал многу од нив. **Прочитај понатаму да дознаеш повеќе за тоа кои се најчестите погрешни претстави за Ромите.**

**Стереотип бр.1: „Џипси„ се „само Џипси„**



Често на Ромите се гледа како на хомогена група, а многу често тие се сведуваат на нивното „Џипси„. На нив не се гледа како на индивидуи туку како на „Џипси„. Некои луѓе можат да ги создадат најстрашните стереотипи за Ромите, а потоа да тврдат дека знаат еден кој „не е таков!„. Зборувајќи лошо за Ромите им се наштетува на сите Роми вклучувајќи го и оној кој се смета за „различен„. Ромите кои не се вклопуваат во претставата кои другите ја имаат за „Џипси„ често не се сметаат за Роми. Во реалноста **не постои еден Ром кај кој можат да се најдат сите стереотипи кои постојат за нив.**

Постои голема разновидност меѓу самите Роми. Она што е вистина за една група може да биде сосема различно за друга. Правењето разлика меѓу „традиционални„ и „интегрирани„ Роми би било премногу лесно. Она што е вистина за сите популации исто така е вистина и за Ромите. **Воопштувањата никогаш не се вистинити, а разлики меѓу индивидуи се поголеми отколку разликите меѓу етничките групи.** Ромите живеат во многу различни околини, зборуваат различни јазици и различни дијалекти на ромскиот јазик, можат да се најдат на сите пет континенти, а исто така прифатиле многу од навиките на мнозинството во земјите во кои живеат. Тие се ангажирани во разновидни професии, припадници се на различни религии, а исто така нивната финансиска и образовна состојба се разликува од лице до лице, од група до група и од општата состојба во земјата во која живеат **како и за секој друг граѓанин!**

**Стереотип бр.2: Номадство**



На Ромите често се гледа како на безгрижни номади без поголеми грижи: слободни да прават што сакаат, ја сакаат слободата, живеат во шатори или во каравани и танцуваат околу оган секоја ноќ. Кога се гладни тие едноставно крадат кокошка од локалниот селанец.

Оваа речиси романтична слика за животот на Ромите е многу далеку од реалноста. **Денес само 20% од европските Роми се сѐ уште номади,** речиси само во Западна Европа. Во претходните векови, номадството речиси никогаш не било прашање на слобода на избор туку на прогонство. Постојаното протерување е главна карактеристика на ромската историја. Во текот на средниот век Ромите често биле погрешно заменувани за муслимани и наидувале на омразата на европските христијани. Ним не им било дозволено да се населат или да работат во многу земји, па поради тоа морале да најдат други начини за преживување. Наоѓањето место за престој, дом е многу честа тема во ромските приказни. Во текот на Холокаустот, Ромите биле една од главните цели на

нацистичкиот режим и биле праќани во концентрациони логори низ цела Европа. На крајот на комунизмот многу Роми избегале поради етничко прогонство. Ова повторно било сфатено како номадство, а не како начин да ги спасат своите животи. По падот на железната завеса, бројни Роми во источниот и јужниот дела на Источна Европа станале жртви на насилни напади, иселувања, уништувања на имоти и убиства.

Низ вековите населувањето често значело напуштање на ромската традиција и култура. Многу Роми го направиле ова при тоа избрирајќи го патот на асимилација. Многу од оние кои претпочитале да го задржат номадскиот начин на живот станале жртви на политиките на присилна асимилација уште во 18тиот век. Во текот на комунизмот преостанатите номади биле присилно населени.

**Стереотип бр.3: Музика и танцување**



Особено во литературата танцувањето се смета за генетска карактеристика на ромската традиционална култура, а се користи да ги претстави како вегзотичниг. Како и да е, Ромите немаат навика за танцување, освен ако танцувањето не е традиција во земјата во која тие живееат (на пр. во Шпанија и во земјите од Југо-источна Европа).

Музиката многу повеќе е вештина или занимање кое служело како стратегија за преживување отколку главна карактеристика на ромската култура. **Сите Роми не се музичари,** но одредени групи се усовршиле во оваа област. Некои станале познати по истражувањата како музиката да стане занимање. Во многу земји, ромските музичари се ангажираат за свадби или други посебни свечености од страна на мнозинството. На овие настани тие свираат она што не-Ромите сакаат да слушнат, а не традиционална ромска музика. Дополнитено, експерти прават разлика меѓу не-ромска фолк музика свирена на ромски начин и вистинска традиционална ромска музика - *Романе пхуране гилиа*.

**Стереотип бр.4: Гатање**

Народот верува дека Ромите може да те проколнат на пример ако не им дадеш пари. Други веруваат дека можат да те хипнотизираат, а потоа да ти ги украдат скапоценостите.

Во својата традиција Ромите имаат систем на верувања кој опфаќа знаци и клетви, но нивната природа е сосема поинаква. Оние неколкумина Роми кои гатаат го прават тоа само за корист на не-Ромите, но никогаш не ги прават тоа меѓу себе.

**Стереотип бр.5: Традиционални занаети**



Еден од најдобро познатите занаети на Ромите е ковачкиот занает. Најверојатно оваа вештина ја научиле во Ерменија, бидејќи многу од ромските термини кои се однесуваат на овој занает потекнуваат од ерменскиот јазик. Ромите биле вешти работници што е една од главните причини поради која тие биле заробувани во кнежевствата во Романија.

Во текот на 500 години ропство биле развиени и други занаети. До ден денешен Ромите од Романија се делат меѓу себе според своето занимање. Многу семејни имиња на Ромите се однесуваат на занимања како што се Габор (ковач) и Циурар (изработувач на сито). Други занимања кои обично се поврзуваат со Ромите се тренирање на мечки (урсурари), барање злато во реките (аурари) или изработка на лажици (лингуран).

Бидејќи многу Роми правеле метални работи, не-Ромите често кажувале дека Ромите ги знаат тајните на железото и бакарот. А бидејќи Ромите прават различни работи од дрво може да се додаде дека Ромите исто така ги знаат и тајните на дрвото!

Реалност е многу поинаква: Ромите се европски граѓани и според тоа како секој граѓанин тие бараат можности за вработување кои ќе им овозможат исполнување на нивните аспирации. Кога имаат можност да ја надминат дискриминацијата од општеството или институциите тие се вработуваат во секоја област на пазарот на работа. Ако често се смета дека тие кои што се вработени се исклучоци, тогаш тоа е бидејќи „дискриминацијата,, е општо правило.

**Стереотип бр.6: Обичаи**



Кога се зборува за ромските обичаи треба да се има во предвид разноликоста кај Ромите. Има многу обичаи кои се слични меѓу сите Роми кои го следат традиционалниот начин на живот, но има и многу обичаи кои се разликуваат од група до група или понекогаш дури од семејство до семејство.

Обичаите меѓу Ромите се разликуваат онака како што обичаите на популацијата во било која европска земја се разликуваат од област до област.

Дополнително, треба да се има во предвид дека повеќето од европските Роми повеќе не водат традиционален начин на живот и не ги следат или дури и не ги знаат встаритег обичаи.

Во културата Ромите често се опишуваат на романтичен начин како прекрасни луѓе, луѓе облечени во различни бои, горди и независни, луѓе кои го сакаат животот, страствени, безгрижни и кои уживаат во ситните задоволства на животот. Нивната музика е страствена, а нивните жени привлечни. Оваа претства преовладува во литературата и сликите, а денес се одржува од страна на групи како што се средновековни општества или ренесансни организации, но во никој случај не можат да се земат за реалност кај денешните европски Роми[3].

**Стереотип бр.7: Облека**



Во мислите на многумина сите Роми носат облека во живописни бои и со многу златен накит. Денес само многу малку Роми се облекуваат на овој начин. Во традиционалните групи мажите многу често го прифаќаат начинот на облекување на средината. Бидејќи на главата се гледа како на главна точка на телото, тие можат да привлечат внимание кон главата носејќи големи шешири и долги мустаќи. За посебни настани може да се носи одело и шамија околу вратот во светли бои.

Цвеќиња, здолништа во живописни бои, блузи и шамии за на глава не се карактеристични за ромските жени, но тие можат да се најдат насекаде на Исток од Индија и Иран па до Балканскиот Полуостров.

Традиционалната ромска жена имала навика да носи долги, разнобојни здолништа понекогаш составени од неколку слоеви. Во некои традиционални заедници мажените жени се уште го покажуваат оваа со носење на *дикло*, шамија. Традиционалните ромски жени дозволуваат нивната коса да биде долга и ја плетат во плетенки. Накитот не бил користен поради неговата убавина туку поради неговата вредност како и во други земји на Истокот. Во време кога банкарските сметки биле непознати, носењето на своите скапоцености на себе се сметало за побезбедно отколку носењето во клун.

Најчесто стекнатото богатство се претворало во накит или парички познати како *галби*. Некои групи паричките ги носеле на облеката или на украсите или дури се плетеле во косите на жените.

Боите на облеката имаат различно значење. На пример, црвената е боја која преовладува на свадбени церемонии. Таа не симболизира само љубов како што е на Запад, но и индивидуално жртвување за заедничка благосостојба. Наместо себична индивидуална љубов, традиционалниот брак го благословува долготрајниот сојуз меѓу семејствата кои стануваат *ханамик* (сватови).

---

[3] За да дознаете повеќе за сегашните ромски обичаи посетете ја веб страницата: http://www.geocities.com/~patrin/tradition.htm.

**Стереотип бр.8: Чистота**



Често Ромите се сметаат за нечисти. Тие се обвинувани дека се алергични на сапун, се плашат од вода и се извор на зараза. **Ова дефинитивно се стереотипи.** Некои Роми имаат ограничен пристап кон чиста вода, бидејќи живеат во изолирани места без водоводни цевки, водовод или внатрешни тоалети. Наоѓањето на подобро место за живот или подобрување на условите за живот често е тешко или невозможно. Одговорноста за промена на ситуацијата е кај државите и владите кои имаат обврска на секој граѓанин да му обезбедат пристап до основните социјални права.

Чистотата беше меѓу највисоките вредности на ромската традиција, и во физичка и во обредна смисла. Постоеле многу конкретни правила за лична хигиена, миење на садови, перење на облека и за каква вода да се користи. На пример, капењето во када било забрането, бидејќи значело да се лежи во сопствената нечистотија.

Но и покрај ова точно е дека должината на животот на Ромите во многу земји е за 15 години помала од она на мнозинството. Сепак одговорноста не е кај Ромите кои едноставно се жртви на немање пристап кон соодветни услуги и кон здравствена заштита.

**Стереотип бр.9: Религија**

Многу луѓе мислат дека Ромите немаат религија. Ова не е точно. Ромите обично ја прифаќаат религијата на мнозинството меѓу кое живеат. Има Роми со муслиманска религија како и сите видови христијанска религија: католици, православни, лутерански, евангелисти итн.

Само во мали традиционални групи религијата е верување во натприродно, знаци и клетви. Овие верувања се разликуваат меѓу различни ромски групи, а на нив влијаат суеверијата на земјите во кои живеат[4].

[4] За да дознаете повеќе посетете ја веб страницата http://www.geocities.com/~patrin/beliefs.htm.

**Стереотип бр.10: Жени**



Постојат два главни начини за стереотипизирање на ромските жени. Едниот ромските жени ги претставува како страствени танчерки, подготвени да го заведат секој маж, страствени и егзотични, неморални и енергични, а другиот како гатачки кои се подготвени да те проколнат или хипнотизираат ако не им дадеш пари.

Вториот начин ги опишува ромските жени како нечисти, имаат премногу и најчесто голи деца, нивните мажи ги тепаат и поширокото семејство ги експлоатира. Тие се мажат на возраст од 11 години, а првото дете го имаат на возраст од 13 години.

Што се однесува до првиот начин треба да се истакне дека традиционалните Роми имаат многу строги морални вредности. Предбрачни односи и изневерување на сопругот се традиционално неприфатливи. Дополнително, некои тврдат дека оние елементи од ромското танцување кои често се сметаат за заводливи се всушност остатоци од танцовите во индиските храмови кои воопшто немале намера да бидат заводливи. Музиката, танцувањето и гатањето кои многумина ги сметаат за составни елементи на ромската култура се всушност начини за преживување.

Во врска со вториот начин треба да бидат земени во предвид тешките услови за живот со кои многу Роми се соочуваат. Недостигот од услуги како што се вода од водовод, недостиг од облека за деца или можните случаеви на домашно насилство се показатели за сиромаштија, а не за „Џипси„.

**Стереотип бр.11: Деца**



Бидејќи бројот на новородени Ромите е обично поголем отколку на не-Роми во многу земји постои страв дека Ромите ќе го надминат мнозинството. Никој на ова не гледа како на позитивен ефект т.е. дека Ромите како и популацијата која емигрира индиректно помагаат во борбата против староењето на европската популација.

На Ромските деца често се гледа како на нечисти просјаци или џепчии. Се смета дека нивните родители не се грижат добро за нив и се претпоставува дека тие се подготвени да ги експлоатираат. Родителите Роми ги сакаат своите деца како и сите други родители. Децата ги обожуваат и негуваат, целото семејство се чувствува одговорно да одгледа дете. Начините на кои се одгледуваат ромските деца можеби се разликува од оние на мнозинството, а исто така ја отсликуваат суровата реалност во која живеат Ромите. Ромските деца растат во традиционални семејства и најмногу учат со пример, а не преку настава. Ваквиот начин на учење исто така се применува и од други луѓе кои живеат во тешки услови и не можат да посветат големо внимание на настава (на пример Инуити кои пејоративно се нарекуваат Ескими). Учењето преку пример подразбира процес на набљудување, имитирање, а подоцна и учество.

Ако некои ромски деца се видени како просат или се фатени во кражба ова треба да се земе како показател за тешките социјални услови во кои одредена заедница живее. Во рамките на ова интересно е да се цитира г. Џулијано Амато (Mr. Giuliano Amato), од Министерството за внатрешни работи на Италија кој при посетата на ромска населба во Рим, Италија на 15ти август 2006 рекол: „*признавањето на правата на Ромите е европска тема која го засега секого. Италија е една од земјите во која ромското малцинство не е признаено. И покрај тоа што италијанските Роми се подготвени да бидат дел од италијанското општество, сепак тие се соочуваат со премногу тешкотии при интегрирањето во образовниот систем и добивањето работа. Едноставно не може да се верува дека ромските деца се криминалци по природа: некој треба да ги разгледа причините и условите кои ги принудуваат некои ромски деца да станат криминалци,,*[5].

**Стереотип бр.12: Финансиска состојба**



Обично Ромите ги замислуваат или како премногу сиромашни или како премногу богати. Доколку се сиромашни тогаш тоа мора да е поради нивната мрзеливост. Ако се богати тогаш тоа е најчесто вдоказг за занимавање со дрога или други форми на нелегален бизнис. Во реалноста, денешната сиромаштија многу често е резултат на фактот што Ромите биле оставени надвор од политичките и економските процеси на транзиција во пост-комунистичкиот период. Дури и денес тие се дискриминирани и се исклучени од образовниот систем (видете го стереотипот бр.13), тие се соочуваат со дискриминација при барањето работа, а во многу земји се сегрегирани во населени места кои се географски изолирани. Во некои случаеви нивната состојба им ја скратува ползата од правото на социјалната заштита (дискриминација од институциите). Како последица денес многу Роми се наоѓаат во стапицата на кругот

[5] Извор: http://passineldeserto.blogosfere.it/2006/08/amato_occorre_r.html

на сиромаштија и на социјално исклучување кои не можат да се сметаат за единствено нивна грешка.[6]

**Стереотип бр.13: Образование**



Многу не-Роми имаат навика да веруваат дека Ромите не се вредни за образование. До одреден степен ова е точно, но само кога станува збор за исклучително традиционални семејства и за формално образование.

Вистина е дека денес ниското ниво на образование на Ромите е главната пречка во нивниот пристап на пазарот на труд. Од тука, образование на Ромските деца се смета за клучно во надминувањето на сиромаштијата.

Како и да е, Ромските деца кои сакаат да одат на училиште треба да се соочат со многу пречки. За оние Роми кои живеат во изолирани населени места, самиот пат до училиштето станува препрека. Понатаму, родителите може да ги немаат потребните финасиски средства за купување на соодветна облека, обувки, училишни материјали и храна за своите деца. Исто така, посебно прашање е исклучувањето од страна на наставниците и училиштата. Многу ромски деца се принудени да посетуваат настава одделно со цел да не се мешаат со децата кои се мнозинството. Во многу земји ромските деца се премногу застапени во специјални училишта или одделенија за ментално неспособни деца. Неколку анти-Ромски демонстрации биле организирани од страна на родителните на децата не-Роми во 2006 година во различни европски земји пред влезовите на десегрегирани училишта во кои биле запишани ромски деца.

Во многу земји ромските деца се премногу застапени во специјални училишта или одделенија за ментално неспособни деца. Често ова е дел од јавната политика: во некои области специјалните училишта се единствените кои имаат училишен автобус и нудат бесплатни училишни јадења. Исто така има деца на кои мајчин јазик им е ромскиот, но на пример целосно не го владеат јазикот на мнозинството. Во такви случаеви присуството на училишен ромски посредник би можело да помогне да децата учат побрзо. За жал, улогата на училишен ромски посредник не е институциоанализирана. Често на родителите им се препорачува да ги испратат своите деца во посебни одделенија без објаснување за значењето и последиците од тоа.

---

[6] За повеќе детали посетете ја веб страницата:
http://siteresources.worldbank.org/EXTROMA/Resources/roma_in_expanding_europe.pdf,
Report on "Access of Roma to Employment in SEE", 2005
Report on “Access of Roma to Employment” in Bosnia and Herzegovina, 2004
Report on “Access of Roma to Employment” in the “former Yougoslav Republic of Macedonia, 2004
Report on “Access of Roma to Employment” in Serbia and Montenegro, 2004

Учебниците често шират негативна слика за Ромите или целосно ја игнорираат нивната улога во историјата. Се разбира дека ромската историја не е вклучена во наставната програма.

Дури и оние Роми кои одат во редовни училишта, истакнати средни училишта или универзитети често се соочуваат со дискриминација. Многу наставници и професори сметаат дека е срамота да учат ромски студенти на нивните истакнати институции. Поради оваа причина, ромските студенти често се обесхрабрени да одат во средно училиште или да се запишат во добро училиште. Често им се кажува дека како и да е тие нема да „успеат„.

**Стереотип бр.14: Вработување**



Често се смета дека Ромите се срамежливи при работа и доброволно живеат на социјална помош отколку дека бараат работа. Оваа слика е далеку од реалност за повеќето Роми. Нема причина за негирање дека некои Роми претпочитаат да живеат на социјална помош, но исто онолку колку што овој феномен може да се сретне кај другите етнички групи вклучувајќи го и мнозинството. Како и да е, клучното прашање не е дали Ромите сакаат да работат туку каков вид на вработување тие можат да најдат и ако можат да најдат. Ромите се речиси невидливи во секторот за услуги. Нема Роми кои се возачи на такси, помошници во продавници, работници во кујна, келнери/келнерки или портири. Многумина не можат да си замислат да вработат Ром како чистач на куќата, а камоли како дадилка.

Ако Ром најде вработување тогаш тоа е тешка физичка работа, работа која е опасна и работа која е малку платена. Во многу случаеви патот до и од работа чини поголемиот дел од платата. Ромите се ангажираат како ѓубреџии, теренски работници или шумски работници т.е. на најмалку престижните работни места. Легалната работа често им е забранета принудувајќи ги Ромите да работат на црно. Додека општо земено стапката на невработеност во Источна Европа е висока, стапката на невработеност кај Ромите (која во некои населени места е 100%) не може во никој случај да се споредува со мнозинството. Подобрување на нивото на образование нема да биде доволно да се обезбеди подобро вработување за Ромите. Исто така неопходна е промена во ставот на работодавците и на националните агенции за вработување. Ништо не може да се смени се додека стереотипите за Ромите не бидат ставени на испрашување. Што е против ангажирање на Ром во извршување на квалитетна и одговорна работа? Многу не-Роми не можат да ја поддржат идејата за ангажирање на (квалифициран) Ром за повисоки позиции. Често работодавците на сакаат да ангажираат Роми дури ни како работници по договор и на тој начин ги присилуваат да работат на црно.

**Стереотип бр.15: Домување**



Изгледа дека многу луѓе веруваат дека Ромите претпочитаат да живеат во нехигиенски домашни услови. Сигурно има многу Роми кои живеат без вода од водовод, тоалети внатре во домовите, електрична енергија и греење, но ќе биде тешко да се најде барем еден Ром кој не би сакал да ги замени сите овие услови со убава куќа или стан. Многу Роми живеат во близина на ѓубриште или во изолирани места без основни услови, бидејќи тоа се единствените места на кои им е дозволено да престојуваат.

Незаконски, присилни и заеднички иселувања на Ромите се феномен кој е присутен секоја недела во Европа (за кои често не се известува од страна на медиумите), со што јасно се прекршуваат обврските кои европските земји ги презеле со потпишувањето на меѓународни договори.[7]

Подобрување на инфраструктурата во ромските населби е една од главните цели во сегашните политики на Советот на Европа. За жал, многу влади се неподготвени за инвестирање или се бавни во инвестирањето во подобри домови за Ромите. [8]

**Стереотип бр.16: Роми и општеството**

Често се смета дека Ромите не се вредни и дека не сакаат да се интегрираат во општеството. Но, кога премногу не-Роми не им веруваат на Ромите тогаш е премногу тешко да продолжите да сакате да бидете дел од целина. „Интеграција„ обично значи губење на ромската култура без да се биде целосно прифатен од мнозинството. Дури и образованите Роми кои цел живот живеат меѓу мнозинството често се соочуваат со исклучување. Стравот од отфрлање понекогаш е толку многу присутен што некои Роми мора да го кријат своето етничко потекло целиот свој живот со цел да продолжат да живеат во општеството, а не на неговите маргини. Иако за многумина се уште е табу тема мажењето за Ром/женењето за Ромка или дозволување на децата да го направат тоа, сепак не може да се зборува дека кај Ромите нема желба за интеграција. Во случај кога е пристуна само-маргинализација, таа е и била стратегија за преживување, а не слобода на избор.

---

[7] На пример погледнете ја препораката на Советот на Европа за подобрување на условите за вдомување на Ромите во која стои: Земјите членки треба да направат законска рамка која е во согласност со меѓународните стандарди за човекови права, да обезбедат ефективна заштита од незаконски, присилни и заеднички иселувања, строго да ги контролираат условите под кои може да се извршуваат законски иселувања. Во случај на законско иселување, ако е потребно на Ромите треба да им се обезбеди соодветно алтернативно сместување освен во случај на виша сила. Повеќе информации на: http://www.coe.int/t/dg3/romatravellers/documentation/recommendations/rechousing20054_en.asp

[8] Од август 2006 до ноември имало иселувања во Русија, Албанија, Обединетото Кралство, Бугарија, Грција и Словенија.

**Пасивност**
Многумина ги обвинуваат Ромите дека не прават ништо за да ја подобрат својата состојба. Ова обвинување се однесува и на нивната финансиска состојба и на вработување, образование, домување.

Сепак, треба да се има во предвид дека половина од европските Роми биле во ропство цели 500 години. Во текот на овој период, учењето како да се чита и пишува или бунтување против нечовечкиот однос биле забранети и строго казнувани. Во текот на ропството убивањето на Роми било толку вообичаено што многу случаеви дури и не биле евидентирани. Дури и денес насилството кон Ромите поминува незабележано. Денес вековите на присилна пасивност го отежнуваат охрабрувањето на движења за човекови права. Се уште е опасно да се бараат своите права. Во многу земји ромските активисти се соочуваат со матлетирање и од властите и од полицијата.

**Углед**
Во многу земји од источна Европа, мнозинството тврди дека Ромите го уништуваат угледот на нивната земја кога тие мигрираат во други земји. Угледот не е концепт кој се применува во западните политики, и поради тоа единствено односот кон Ромите, а не начинот на кој тие се однесуваат може да биде против земјите од кои тие доаѓаат.

Во неодамнешно испитување, 70% истакнале дека Ромите не треба да имаат право на патување во странство дури и тогаш кога се исполнети законските услови.

Романците исто така сметаат дека Ромите го валкаат меѓународниот имиџ на земјата, а особено ги нарушуваат можностите на земјата за интеграција во Европа. Ова особено беше заострено минатата година кога се појавија натписи во француските медиуми кои тврдеа дека ромските емигранти од Романија се одговорни за порастот на стапката на криминал во Франција. Други европски медиуми го следеле примерот. Како последица француската влада воведела строги визни ограничувања за сите Романци. Оттогаш француската влада ги укинала овие ограничувања, но штетата на ромскиот углед е направена.[9]

Во септември 2006 година член на Европскиот Парламент од ромско потекло беше жртва на расистички напади од страна на бугарски парламентарен набљудувач. Бидејќи ова се случи на денот кога беше одлучено Бугарија и Романија да и се приклучат на Европската Унија се покрена прашањето дали човековите и малцинските права се навистина вреднувани во Бугарија.

**Криминал**
Изгледа дека многумина веруваат дека Ромите се генетски преодредени за криминал. Ова е бесмислица. Во многу случаи Ромите се првите осомничени за сторено кривично дело, но последните ослободени кога е докажана нивната невиност. Секогаш кога Ром ќе направи кривично дело целата заедница е јавно осудена, а оттука и се суди и е осудена за делото на индивидуалецот.

**Крадење**
Стереотипите ги посочуваат сите Роми како крадци. Ова повторно е последица на судењето на целата заедница за делата на индивидуите кои и припаѓаат на заедницата. Секое општество има свои крадци и криминалци, но целата група не се систематски и јавно осудува како што е случајот со Ромите.

---

[9] Извор: извештајот на NDI "Ромското политичко учество во Романија" ('Roma Political Participation in Romania') од февруари 2003 година.

Напротив, признавање на криминалните дела чии жртви биле Роми е тешко да се постигне. **Дали некогаш некој размислил за работите кои им биле украдени на Ромите?** Ромите беа жртви на Холокаустот, нивните скапоцености, а особено златото им било одземено пред да бидат пратени во смрт. Во денешниот посткомунистички, транзициски период Ромите се често жртви на погром или неоправдани насилни иселувања при што нивниот имот често е уништуван.[10]

**Ромите крадат бебиња**

Митот за ромското крадење на бебиња е стар со векови. Дури и денес често се кажува. Во 2006 година, медиумите во Романија известиле за ромски жени кои киднапирале не-ромско дете. Подоцна испаднало дека жените не биле Ромки туку Романки. Се разбира дека овој факт не стигнал до вестите. Кога ромски деца се киднапирани од не-Роми, се жртви на насилство или се убиени ова тешко некогаш станува јавен скандал.

**Дрога**

Сигурно дека има некои Роми кои се занимаваат со продавање на дрога како што можете да најдете дилери со дрога во речиси секоја земја во светот. Ромите не се генетски предодредени да се занимаваат со продажба на дрога ниту пак продажбата на дрога е дел од ромската култура. Кога се случува тогаш на тоа треба да се гледа како на уште еден показател за тешкотиите со кои се соочуваат Ромите кога се обидуваат да влезат на внормалниотг пазар на работа и како последица на сиромаштијата, исто како што **им се случува на сите ранливи групи вклучувајќи ги и оние кои припаѓаат на мнозинството.**

**Заклучоци**

Дали ве убедивме? Тогаш помогнете ни да ги срушиме предрасудите за Ромите!

Доста!

[10] За повеќе детални информации во врска со присилното иселување посетете ја воведната страница на Roma and Travellers Division при Советот на Европа: www.coe.int/romatravellers .